20242103624

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 182 став (7) од Законот за енергетика(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ГАРАНЦИИ ЗА ПОТЕКЛО (*)

### Предмет на уредување

Член 1

Со оваа уредба поблиску се уредуваат начинот на издавање, пренесување, укинувањето и поништување на гаранциите за потекло, формата и содржината на гаранциите за потекло, начинот, постапката и условите за признавање на гаранциите за потекло издадени во други држави и содржината, формата и начинот на водење на Регистарот на гаранции за потекло.

### Дефиниции

Член 2

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следното значење:

1. **„Гаранција за потекло“** е електронски документ чија цел е обезбедување на доказ за потрошувачите дека определен удел или определена количина од енергијата е произведена од обновливи извори на енергија,
2. **„Тело – издавач на гаранции за потекло“** е операторот на пазарот на електрична енергија кој на територијата на Република Северна Македонија врши администрирање на гаранциите за потекло што вклучува нивно издавање, евидентирање на преносот, признавање и укинување или поништување, како и водење на Регистар за гаранции за потекло и
3. **„Тело – издавач на гаранции за потекло на друга држава“** е орган надлежен за водење на регистар за гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија во соодветната држава членка на Европската асоцијација на тела за издавање на гаранции за потекло (АИБ) и/или договорна страна со која е потпишан билатерален договор за взаемно признавање на гаранции на потекло.

### Издавање на гаранции за потекло

Член 3

(1) За издавање на гаранции за потекло се поднесува барање од страна на производителот на електрична енергија од обновливи извори на енергија, за електроцентралата која е лоцирана на територија на Република Северна Македонија и нема статус на повластен производител кој користи повластена тарифа или премија.

(2) Барањето од став (1) на овој член, се поднесува во електронска форма до Телото - издавач на гаранции за потекло.

---

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Директивата 2009/28/ЕЗ од 23 април 2009 за промоција на користењето на енергија од обновливи извори.

(3) Кон барањето од став (1) на овој член, барателот доставува доказ дека е уплатен надоместокот за издавање на гаранции за потекло, во согласност со тарифникот на Телото - издавач на гаранции за потекло.

(4) По поднесеното барање и уплатениот надоместок од ставовите (2) и (3) на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло ги обезбедува од операторот на електропреносниот систем или операторот на електродистрибутивниот систем податоците за вкупно произведената електрична енергија во kWh која барателот ја предал во мрежата, за периодот за кој се бараат гаранции.

(5) Доколку, Телото - издавач на гаранции за потекло утврди дека се исполнети условите за издавање на гаранции за потекло, во рок од 10 дена од денот на поднесувањето на барањето, му ја издава гаранцијата за потекло на барателот и истата ја евидентира во Регистарот на гаранции за потекло.

(6) Ако врз основа на поднесеното барање за издавање на гаранции за потеклои обезбедената документација и податоци од овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло утврди дека има потреба од дополнителни податоци или појаснувања на податоците, за тоа го известува барателот во рок од 10 дена од денот на приемот на барањето, при што во известувањето ги наведува дополнителните податоци и документи, односно појаснувањата коишто барателот треба да ги достави до Телото - издавач на гаранции за потекло.

(7) Телото - издавач на гаранции за потеклово рок од 10 дена од приемот на дополнителните податоци и документи, односно појаснувањатадонесува решение за одбивање на барањето во кое се наведува причината за одбивањето или ја издава гаранцијата за потекло согласно ставот (5) на овој член.

**Содржина на гаранциите за потекло**

Член 4

(1) Секоја издадена гаранција за потекло е со стандардна големина од 1 MWh електрична енергија од обновливи извори која е произведена за кумулативен период од најмногу шест месеци сметано од денот кога започнало производството на енергија за кое се бара гаранција за потекло и се издава во електронска форма. Со денот на издавањето, барателот станува носител на гаранцијата за потекло.

(2) Гаранцијата за потекло особено ги содржи следните податоци:

1. Датум на издавање,
2. Назив на Телото - издавач на гаранции за потеклокое ја издало и држава во која е издадена,
3. Назив, седиште и единствен матичен број на субјектот за носителот на гаранцијата за потекло,
4. Локација, инсталирана моќност и вид на технологија на електроцентралата, како и датум кога е пуштена во употреба,
5. Регистарски код на електроцентралата во која е произведена електричната енергија за која се издава гаранцијата за потекло,
6. Датум до кој важи гаранцијата за потекло, кој не може да биде подолг од 12 месеци сметајќи од денот на кој е произведена последната количина од електричната енергија за која се однесува гаранцијата за потекло и
7. Единствен реден број на гаранцијата за потекло.

**Пренос на гаранции за потекло**

Член 5

(1) Гаранцијата за потекло може да се пренесе во текот на нејзината важност од носителот на гаранцијата на друго лице, трговец и/или снабдувач со електрична енергија (во натамошниот текст: корисник на Регистарот на гаранции за потекло) при што периодот на важност на гаранцијата за потекло не се менува, а по извршениот пренос корисникот на Регистарот на гаранции за потекло, станува носител на гаранцијата.

(2) Преносот на гаранциите за потекло се врши по поднесено барање за пренос од страна на корисникот на Регистарот на гаранции за потекло до Телото - издавач на гаранции за потекло за пренос, во електронска форма, кое содржии изјава од носителот на гаранцијата за потекло од ставот (1) на овој член, дека се согласува да се изврши преносот.

(3) Телото - издавач на гаранции за потекло нема да издаде изменета гаранција за потекло согласно овој члени нема да ја евидентира промената на носителот во Регистарот на гаранции за потекло, ако при обезбедувањето на податоци и документација добие:

-известување во електронска форма од Тело – издавач на гаранции за потекло на друга држава дека е започната постапка за признавање на истата гаранција во таа држава или

- податоци дека носителот на гаранцијата за потекло е потрошувач на електрична енергија или

-податоци дека носителот на гаранцијата за потекло е корисник на Регистарот на гаранции за потекло кој продава електрична енергија на потрошувачи и предметната гаранција претставува доказ за учеството на електричната енергија од обновливи извори во енергијата што ја продава.

(4) Доколку врз основа на поднесеното барање за пренос на гаранција за потекло и обезбедената документација и податоци од ставовите (2) и (3) на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло утврди дека се исполнети условите за пренос на гаранцијата за потекло, во рок од 10 дена од денот на поднесувањето на барањето, издава гаранција за потекло во која се наведува новиот носител и ја евидентира промената на носителот во Регистарот на гаранции за потекло.

(5) Ако врз основа на поднесеното барање за пренос на гаранцијата за потекло и обезбедената документација и податоци од овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло утврди дека има потреба од дополнителни податоци или појаснување на податоците, за тоа го известува барателот во рок од 10 дена од денот на приемот на барањето, при што во известувањето ги наведува дополнителните податоци и документи, односно појаснувањата коишто барателот треба да ги достави до Телото - издавач на гаранции за потекло.

(6) Телото - издавач на гаранции за потекло во рок од 10 дена од приемот на дополнителните податоци и документи, односно појаснувањатадонесува решение за одбивање на барањето во кое се наведува причината за одбивање или ја пренесува гаранцијата на потекло.

**Укинување и поништување на гаранции за потекло**

Член 6

(1) Гаранцијата за потекло се укинува од страна на Телото - издавач на гаранции за потекло со решение и истото се евидентира во Регистарот на гаранции за потекло доколку:

1. Гаранцијата за потекло е искористена (активирана) од носителот кој е нејзин краен корисник или

2. Истекол периодот на важност на самата гаранција за потекло.

(2) Гаранцијата за потекло се поништува од страна на Телото - издавач на гаранции за потекло со решение и истото се евидентира во Регистарот на гаранции за потекло доколку:

1. Е добиено известување од Тело – издавач на гаранции за потекло на друга државадека гаранцијата за потекло е запишана во соодветен регистар на гаранции на другата држава или

2. Издадената гаранција за потекло била издадена врз основа на погрешни податоци наведени во барањето или погрешни податоци за измерената количина на електрична енергија за која се однесувала гаранцијата за потекло или

3. Носителот на гаранцијата за потекло доставил барање за поништување на гаранцијата за потекло.

(3) Во случаите на поништување на гаранција на потекло од став (2) точка 1 на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло ги известува Телото – издавач на гаранции за потекло на другата држававо чиј регистар на гаранции е запишана предметната гаранција за потекло и носителот на гаранцијата, пред поништувањето на истата.

**Признавање на гаранции за потекло издадени во други држави**

Член 7

(1) Гаранцијата за потекло се признава и запишува во Регистарот на гаранции за потекло доколку е издадена од Тело – издавач на гаранции за потекло на друга држава која е членка на Европската асоцијација на тела за издавање на гаранции за потекло (АИБ) и/или договорна страна со која Република Северна Македонија има потпишан билатерален договор за взаемно признавање на гаранции на потекло, со примена на начелото на реципроцитет.

(2) Гаранцијата за потекло од ставот (1) се признава по поднесено барање за упис во Регистарот на гаранции за потекло, од страна на носителот на гаранцијата за потекло кој бара признавање на гаранцијата за потекло издадена во друга држава до Телото – издавач на гаранции за потекло.

(3) Кон барањето од став (2) на овој член, носителот на гаранции за потекло доставува и доказ дека е уплатен надоместокот за признавање на гаранции за потекло, во согласност со тарифникот на Телото - издавач на гаранции за потекло.

(4) По поднесеното барање и уплатениот надоместок од ставовите (2) и (3) на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло по службена должност бара известување од Телото-издавач на гаранции за потеклона друга држава, кое ја издало предметната гаранција за потекло, дека не постојат никакви пречки за признавање на гаранцијата.

(5) По добивањето на известувањето од став (4) на овој член, доколку не постојат пречки за признавање, Телото - издавач на гаранции за потекло во рок од пет дена донесува решение за упис во Регистарот на гаранции за потекло кое го доставува до носителот на гаранцијата за потекло и за истото го известува Телото-издавач на гаранции за потекло на друга држава.

(6) Ако од известувањето од став (4) на овој член, се утврди дека постојат пречки за признавање на гаранцијата, Телото - издавач на гаранции за потекло во рок од пет дена донесува решение со кое го одбива признавањето на гаранцијата и во кое ги образложува причините поради кои е одбиено признавањето.

(7) Во случаите на одбивање на признавањето на гаранцијата за потекло согласно став (6) на овој член, Телото - издавач на гаранции за потекло ги известува и Секретаријатот на Енергетската заедница и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, а решението го објавува на својата веб-страница.

**Регистар на гаранции за потекло**

Член 8

(1) Во Регистарот на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори кој го води Телото - издавач на гаранции за потекло се евидентираат сите издадени, пренесени, признаени, укинати и поништени гаранции за потекло.

(2) Регистарот за гаранции за потекло се води во електронска форма.

(3) Регистарот за гаранции на потекло особено ги содржи следниве податоци:

1. Назив, седиште, единствен матичен број на субјектот и контакт информации на носителот на гаранцијата за потекло,
2. Назив, седиште, единствен матичен број на субјектот и контакт информации на носителот на лиценцата за производство на електрична енергија во чијашто електроцентрала е произведена електричната енергија,
3. Единствениот регистарски код на електроцентралата од Регистарот на електроцентраликои произведуваат електрична енергија од обновливи извори на енергија кој го води Министерството,
4. Локација, инсталирана моќност и вид на технологија на електроцентралата во која се произведува електричната енергија,
5. Почетниот и крајниот датум на периодот на производство на електрична енергија за кој се однесува гаранцијата за потекло,
6. Измерените количини предадена електрична енергија во мрежата според податоците добиени од операторот на електропреносниот систем или операторот електродистрибутивниот систем,
7. Единствен реден број на гаранцијата за потекло,
8. Податоци за извршениот пренос на гаранцијата, корисникот на регистарот на гаранции за потекло или производителот,
9. Податоци за признаените гаранции за потекло од други држави,
10. Податоци за гаранции за потекло кои се истечени и
11. Податоци за укинати или поништени гаранции за потекло.

**Преодни и завршни одредби**

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престануваат да важат одредбите од членовите 1, 2, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 22, 23, 24, 25 и 26 кои се однесуваат на гаранциите на потекло од Правилникот за обновливи извори на енергија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.112/19, 240/19 и 138/22).

Член 10

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-8226/8 | Претседател на Владата |
| 8 октомври 2024 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |